# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.44 од 19.03.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14 и 187/14) во членот 73 став (1) по алинејата 22 се додаваат две нови алинеи 23 и 24, кои гласат:
„- придружни објекти на гробишта (мртовечница, крематориум, посебни објекти за согорување на отпадоци и друг отпаден материјал од гробиштата, санитарни објекти, бунари со индустриска вода и продавници за продажба на свеќи и цвеќе),
- железнички станици чија изградба е финансирана со средства од Европската унија или друга меѓународна организација,".
Во ставот (3) зборовите: "алинеи 16, 17, 18 и 21 на овој член" се заменуваат со зборовите: "алинеи 16, 17, 18, 21, 23 и 24 на овој член."
Во ставот (4) по зборовите: „а за градбите чија изведба е финансирана од Буџетот на Република Македонија" се додаваат зборовите: „или од страна на правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија или со средства од Европската унија односно друга меѓународна организација."

**Член 2**

Во членот 74 став (2) по зборовите: „чија изведба односно поставување е финансирана од Буџетот на Република Македонија" се додаваат зборовите: „или од страна на правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија или со средства од Европската унија односно друга меѓународна организација."
Во ставот (7) по зборовите: „и спортски сали со бруто развиена површина до 1500 м2" се додаваат зборовите: „како и железнички станици чија изградба е финансирана со средства од Европската унија или друга меѓународна организација,".
По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:
"(8) Градбите од ставот (7) на овој член се ставаат во употреба и се запишуваат во јавната книга за запишување на правата на недвижности по изготвување на извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер, во кој е констатирано дека градбата е поставена односно изведена согласно решението за поставување односно изведување и дека градбата може да се стави во употреба.".
Ставот (8) станува став (9).

**Член 3**

Во членот 128 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
„(3) Инспекторите од ставот (1) на овој член вршат инспекциски надзор и согласно одредбите од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност."

**Член 4**

Во членот 137 во ставовите (2) и (3) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка".

**Член 5**

(1) Членот 3 од овој закон ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Службен весник на Република Македонија број 199/14).
(2) Членот 4 од овој закон ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија број 130/14).

**Член 6**

Проектната документација која до денот на влегувањето во сила на овој закон е изработена од страна на странско правно лице избрано во постапка на јавна набавка финансирана од меѓународна организација или од Европската унија, а кое не поседува потврда согласно членот 42 став (1) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14 и 187/14), ниту овластување за проектирање за физичките лица кои ја изработиле документацијата, може да се примени во постапка за издавање на одобрение за градење односно решение за изведување на градбата согласно членот 74 на овој закон, доколку за истата има изработено позитивен извештај за ревизија од страна на правно лице кое поседува лиценца за ревизија на проектна документација.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".